ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/25-315*
*28.07.2026*
*Ш т и п*

До: Државни институции, установи и правни лица кои вршат јавни овластувања односно работи кои се инволвирани во урбанистичкото планирање

**ПРЕДМЕТ:** ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО ИЗГОТВЕН Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип

Почитувани,

Согласно Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 29, член 50, Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација изготвен Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип. Опфатот е со површина од 16,05 ха. Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ 05.02, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 31 ден од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 17 август 2026 (понеделник) до 16 септември 2026 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 7 септември (понеделник) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**